**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 19 декември 2002 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Зоран Томиќ ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам да притиснете едно копче од системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници.

(пратениците немаат картички)

Тогаш и визуелно може да се констатира дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народната банка на Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија и шефови на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Сите Вас Ве поздравувам.

Го молам претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски да се обрати, во рамките на уставните надлежности на Собранието.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Почитуван Претседател на Собранието,

Почитуван Претседател на Владата на Република Македонија и министри,

Дами и господа пратеници,екселенции, почитувани граѓани на Република Македонија

Се наоѓаме на крајот на годината и мојата уставна должност ми налага да се обратам пред пратениците на Собранието на Република Македонија и пред

целата македонска јавност за прашањата од мојата уставна надлежност. Време е да се навратиме на она што го постигнавме во текот на 2002 -та и на обврските што не очекуваат во периодот што е пред нас.

Годината на заминување донесе натамошно стабилизирање на вкупните безбедносни состојби во државата, парламентарните избори, пописот и трансферот на власта беа изведени според сите правила на европските демократии.

Парламентарните избори во септември на убедлив начин ја докажаа високата политичка култура на граѓаните и зрелоста на институциите на системот и овој политички кредит треба да биде искористен на најдобар начин во интерес на Република Македонија.

Јас верувам во демократскиот потенцијал на институциите на државата и во доблеста и свеста на сите граѓани на РМ кои ја разбираат суштината на заедничкото живеење и потребата од респектирање на другиот, независно од неговата национална или верска припадност. Токму врз таа фундаментална вредност почива заедничкиот живот на луѓето во Македонија која што ни овозможи излегување од спиралата на конфликтот.

Резултатите од септемвриските избори многу наши граѓани ги соочија со една морална дилема за која претпоставувам дека не беше лесно да се формулира одговорот. Имено, во структурите на власта се најдоа и луѓето кои во времето на конфликтот беа на спротивната страна, а на изборите станаа политички репрезенти на еден дел од електоратот. Законот за амнестија ги разреши правните аспекти на проблемот, но за некои луѓе се уште остана неодговорена етичката дилема: дали и како да се соработува со довчерашните противници? Како Председател на државата сакам да дадам скромен придонес во оваа полемика која веројатно ќе продолжи да постои уште многу години. Во човековата природа е да простува и да подаде рака, но државата е должна да создаде амбиент во кој помирувањето меѓу нејзините граѓани ќе биде возможно токму во името на посреќното живеење на генерациите кои доаѓаат и во името на заедничкиот живот во заедничката држава. Алтернативата ни е позната на сите .

Почитувани дами и господа,

Граѓаните на Република Македонија со право бараат подобрување на животниот стандард и намалување на сиромаштијата, гарантирање на мирот во државата и владеење на правото. Неопходна е визија за посреќна иднина на сите нас, а наша обврска како на нивни политички претставници е да работиме заедно со нив за остварување на таа нивна долгоочекувана цел.

Во таа насока неопходно е воспоставувањето линии на комуникации и меѓусебна соработка меѓу институциите на власта. Круцијално за ефикасна работа на целокупниот државен апарат е постоењето на систематска и функционална кохабитација меѓу Претседателот на РМ и Владата на РМ. Првичните резултати и искуства на тој план можат да бидат оценети како охрабрувачки. Јас се надевам дека коректноста на политичките релации меѓу овие две значајни институции ќе остане на тоа ниво за што јас ќе давам личен пример. Ова ќе претставува значаен придонес кон остварување на зедничката цел - стабилна и просперитетна Македонија.

Република Македонија е нашиот заеднички дом во кој сите, независно од партиската, етничката или верската припадност и убедување треба да се чувствуваме безбедно и удобно. Државата мора да му обезбеди услови на граѓанинот на Тетово да се чувствува безбеден и спокоен , во својот дом , со своето семејство еднакво како оној кој живее во Гевгелија, Куманово, Охрид или било кое друго место. Не смееме да дозволиме територијата на државата да биде поделена на сфери на влијанија затоа што таа не е приватен имот за да може да се дели на било какви зони во кои некои се привилегирани, а некои репресирани. На овој план очекувам директен ангажман и придонес од политичките партии,пред се, од оние што се во власта.

Почитувани пратеници,

Рамковниот договор е придонес кон вклопувањето на европските вредности на човековите права, демократијата и компромисот; елиминирање на основите за војна и меѓуетнички конфликти во Република Македонија, а тоа значи зголемување на нејзината внатрешна стабилност која директно се одразува и на мирот во регионот, и конечно, засилување за европската и евроатланската перспектива на земјата.

Речиси една и пол година по потпишувањето Охридскиот договор останува да биде клучниот предизвик за македонската демократија чие имплементирање е мошне значајно за нашата иднина. Потписниците мора да останат на определбата дека рамковниот договор е основа за градење оддржлива мултиетничка демократија, а истовремно и рамка за мирот и просперитетот на државата. Токму затоа очекувам на претстојната средба на претставниците на Владата и партиите потписнички да се случат две работи и да бидат од примарно значење: прво, на највисоко политичко ниво да се реафирмира определбата на сите учесници за целосно имплеметирање на Рамковниот договор и второ, да се

дефинира динамиката за имплементација на обврските кои произлегуваат од него. Оваа средба не е замислена како нов преговарачки циклус во кој ќе се преотвораат некои прашања од Рамковниот договор затоа што неговата содржина е дефинирана и позната, туку како прилика да потврдиме дека придржувањето до текотот и духот на Договорот е всушност придржување до нашата стратешка цел за евроатланските интеграции.. Годината што е пред нас треба да биде година во која ќе продолжиме со активностите за исполнување на обврските од Рамковниот Договор. Тука посебно значајни се децентрализацијата и учеството на припадниците на етничките заедници во јавната администрација. Со ова ќе ги зацврстиме основите за стабилност и демократски развој врз долгорочни основи, а со тоа ќе се зголеми лојалноста кон државата и таа ќе се разбира како заедничка рамка и заеднички услов за подобар живот и еднаква безбедност на сите граѓани .

Почитувани пратеници,

Во поглед на безбедносната состојба на Република Македенија напредокот е очигледен. Изминавме долг пат, меѓутоа, сите предизвици и проблеми сеуште не се целосно зад нас. Сепак, мораме да задржиме одредена доза на реалност и да констатираме дека според сите објективни безбедносни проценки и анализи сеуште не сме постигнале целосна реинтеграција на поранешните кризни региони и воспоставување на владеење на правото на целата терitotија. Сакам јавно и сосема одговорно да истакнам дека тоа е задача на нашите надлежни органи и министерства. Во оваа смисла Рамковнот Договор, за кој предходно зборував е само еден од столбовите на македонската стабилност. Вториот столб на нашата внатрешна стабилност е бескомпромисното спроведување на владеењето на правото на целата територија на државата . Насилството и криминалот немаат етничка боја и затоа борбата против овие зла е борба за доброто на сите. Во 2003 година не смее да има никаква толеранција за вооружените банди или кирминални банди, најмалку поради меѓуетничките односи во земјата. Насилниците треба да бидат тие кои ќе се почуствуваат небезбедни, а не граѓаните.

Нашите пријатели и партнери од НАТО, ЕУ и ОБСЕ ќе останат со нас и во 2003-та, овој пат со редуциран број на војници и монитори и за прв пат и со дополнителна експертска компонента. Ова е доказ дека постепено ги трансформираме нашите приоритети и ги интензивираме реформите неопходни за членство во колективните системи за безбедност.Во овој контекст го поздравувам аранжманот постигнат пред неколку денови меѓу НАТО и ЕУ како вистински чекор

кон зајакнување на европската безбедност и транс-атланската соработка и како придонес кон нашата намера наскоро да го завршиме процесот на враќање на владеење на правото на целата територија и самите да се грижиме за сопствената безбедност. Во овие рамки сакам уште еднаш да ја реафирмирам нашата определба за целосна солидарност и поддршка на меѓународната зедница во борбата против тероризмот и во таа насока ќе ги понудиме сите конкретни мерки со цел да придонесеме кон глобалните напори против оваа закана.

Сите граѓани кои поради стравот за себе или за своите најблиски беа присилени да ги напуштат своите домови мораат да се вратат во нив. Државата мора да создаде услови ова да се реализира, а меѓународната заедница се обврза да го помогне овој процес. Можеме да кажеме дека сме успеале само ако се вратат раселени лица во своите обновени домови. Во спротивно насилството и етничкото чистење ќе бидат наградени, а правото и правичноста заборавени. Во регионите погодени од кризата државата и со помош на меѓународната заедница треба да им овозможи на луѓето да ги обноват основите за нивниот економски опстанок. Со ова многу повеќе ќе им ја засилиме нивната определба да се вратат и да продолжат да живеат на вековните огништа. Присуството на полицијата и останатите механизми на правната држава се предуслов за ова.

Веќе никогаш несмее да се дозволи граѓаните на Република Македонија да се прашуваат дали патишта во земјата се безбедни или да се плашат од криминалните банди кои се сеуште активни, за жал, во некои подрачја. Не смее да се повтори старата практика на толерирање на сивите зони на криминалот и практичното постоење на екстериторијални енклави во кои полицијата не влегуваше со години.

За реализирање на крајната цел - целосно безбедносно стабилизирање на земјата пред нас е исклучително сериозната и комплексна задача на реформирање на секторите на одбраната и безбедноста. Само професионални и компетентни личности можат да бидат припадници на службите за примена на законот кои треба да дејствуваат почитувајќи ги основните принципи за транспарентно и одговорно работење во согласност со европските стандарди. Мултиетничноста во нивниот состав се подразбира затоа што искуството не научи дека таквата структура може да има кредибилитет, особено во етнички мешаните средини.

Носечкиот реформски столб во овие сектори се усвојувањето на Националната безбедносна стратегија и новата Одбранбената стратегија што треба

да ги дефинираат неопходните услови и капацитети за безбедноста и одбраната на територијалниот суверенитет и поредокот утврден со Уставот врз основа на заканите, како што се тероризмот, етничкиот екстремизам и организираниот криминал и корупцијата. Тие потенцијали мораат да бидат димензионирани врз основа на реалните закани и да бидат во согласност со капацитетот на останатите општествени потсистеми кои имаат свое значење во креирањето на севкупниот демократски амбиент во државата.

Во овој момент, посебно сакам да се осврнам на започнатиот процес на демаркација на северната граница на целата нејзина должина, вклучувајќи го и делот кон Косово. Ова е исклучително значаен процес за нас од повеќе аспекти и ние не би требало да правиме компромиси со тоа прашање. Постои валиден меѓудржавен договор за разграничување чија легитимност е потврдена на највисоко правно и дипломатско ниво. Република Македонија не смее да ги прифати тезите дека одбележувањето на границата треба да го чека дефинирањето на финалниот статус на Косово затоа што демаркацијата и косовското прашање не се меѓусебно поврзани. Со договорот за разграничување никој не губи територија . Затоа да се проблематизира неговото спроведување значи да се охрабруваaат радикалите кои сакаат промени на границите. Од претставниците на македонските Албанци во 2003 година очекувам поддршка на овој процес, тргнувајќи, пред се од интересите на нашиот заеднички дом, а тоа е Република Македонија, а потоа и од интересите на целиот регион. Македонија е веќе цела една деценија е членка на ОН и меѓународно призната и затоа нема разумна причина од ниту една страна да и биде оспорено правото да ги одбележи своите граници, кои се еден од суштинските елементи на државноста. При тоа, Македонија без било какви резерви треба во континуитет да придонесува за решавање на практичните проблеми на луѓето што живеат на двете страни на границата, за што е направен значаен исчекор со одлуката на Владата за отворање на двата привремени гранични премини, кој уверен сум , ќе биде дополнуван и со други мерки што ќе ги респектираат интересите и на граѓаните и на државата.

Надлежните државни органи во наредната година ќе имаат уште една задача на која едноставно не смеат да заборават. Целокупната македонска јавност, а најмногу унесреќените семејства со полно право и натаму инсистираат да го дознаат исходот од истрагата за 20 киднапирани лица во текот на конфликтот. Тие луѓе, независно од нивната етничка и верска припадност се граѓани на Македонија и вистината за нивната судбина мора да биде позната, а виновниците да бидат

повикани на одговорност. Иако конфликтот е зад нас никој нема морално право да заборави на неговите трагични страни. Тоа им го должиме на најблиските на исчезнатите и киднапираните, но и на генерациите кои доаѓаат и кои треба да ја препознаваат разликата меѓу доблеста и злото, хуманизмот и насилството.

Почитувани пратеници,

Земјата и регионот никогаш нема да живеат во мир ако не се преземат координирани активности на национално и регионално ново за елиминирање на нелегално поседуваното оружје. Очекувам што поскоро да го донесе законскиот проект за собирање на оружјето што граѓаните илегално го поседуваат и во координација и со поддршка на меѓународната заедница да почне со негова доследна примена. Ниту еден чесен и лојален граѓанин на оваа земја не треба да се плаши од акцијата за собирање на оружјето затоа што таа ќе има за цел да ги ослободи од стравот од криминалците и насилниците кои премногу често ги вознемируваат и малтретираат чесните луѓе и нивните семејства кои заслужуваат подобар живот.

Во еден мој настап, на почетокот на оваа година јас предупредив на исклучително негативните ефекти од егзистирањето и ширењето на феноменот на организираниот криминал и корупцијата во земјите во регионот, вклучително и во Република Македонија, врз нивниот правен, политички и економски систем. Нивното елиминирање е императив за враќање на довербата на граѓаните во институциите на системот, а е основен предуслов и за привлекување на странските инвенстиции, за економски просперитет и за намалување на невработеноста. За оваа цел државата ќе мора да ги отстрани системските генератори на криминалот и корупцијата преку зајакнување на институционалите капацитети на системот. Во овој контекст најголемиот проблем за кој едноставно ќе мора да се најде адекватен одговор ќе биде создавањето на професионална, компетентна и транспарентна државна администрација во која ќе нема место за поединци кој партискиот, личниот или семејниот интерес ќе го постават пред оној на државата на која и служат.

Сакам да предупредам на една потенцијална опасност која може да ги дискредитира конечните ефекти од борбата против организираниот криминал. При преземање на мерките од своја надлежност државните органи треба да работат транспарентно, да ги почитуваат правата на луѓето и нивниот личен и семеен дигнитет и до конечната одлука да ја респектираат презумцијата на невиност за лицата под истраги. Само на тој начин ќе дадеме придонес во зацврстувањето на правната држава и ќе онемозможиме легитимната намера на властите да го

санкционираат незаконското однесување  да биде дефинирано како политички реваншизам.

Почитувани пратеници,

Граѓаните на Република Македонија со право очекуваат во годината што доаѓа квалитативно да се подобри економската состојба и со тоа и нивниот животен стандард. За ова е нопходно започнување сериозен економски раст на македонското стопанство, отворање на нови работни места, намалување на невработеноста и се разбира намалување на сиромаштијата.

Во периодот што е пред нас треба веднаш да се зафатиме со зголемување на продуктивноста и ефикасноста кај постојните претпријатија, да се испита можноста за рестартирање на затворените производни погони, при што покрај домашните треба да се потпреме и на странските инвеститори. Домашните и странските инвеститори треба посебно да се ангажираат во трудо-интензивните извозно ориентирани програми.

Но овдека, што сметам дека е многу важно би сакал да истакнам дека не смее да се повтрои практиката од минатото која се одомаќини во транзициониот период да не им се исплаќаат платите на вработените. Не смееме  да дозволиме работниците по неколку месеци да не примаат плати, со години да не им се плаќаат придонесите на пензиско и здравствено осигурување. За да се опстане на пазарот претпријатијата треба да бидат конкуретни, но не е дозволено  својот опстанок да го базираат или да го бараат врз неисплаќањето на плати и придонеси за пензиско и здравствено осигурување.

Ваквата практика во претпријатијата во минатото доведе до зголемување на сиромаштијата, до намалување на животниот стандард на поголемиот дел од граѓаните, и до намалување на средната класа. А се знае дека токму оваа средна класа е главниот двигател и главен столб на секое граѓанско општество. Во текот на годината што е пред нас треба итно и интензиво  да се зафатиме со изградба на механизми кои ќе ги заштитат работниците, но истовремено ќе го направаат нашиот пазар на работна сила пофлексибилен и поатрактивен за странските инвеститори.

Затоа во наредниот период треба сите ние политичарите, менаџерите и странските инвеститори да работиме на зголемување на конкуретноста на македонското стопанство на домашниот, но што е  уште поважно и на светските пазари.

Треба сите ние заедно да работиме на привлекување на странски инвеститори кои се подготвени да донесат нови технологии, менаџерски вештини и

знаења неопходни за зголемување на производството на македонските претпријатија.

Република Македонија ги заврши преговорите за влегување во третиот столб на светската економија - Светската трговска организација. Со ратификувањето на потребните документи, кое треба да се реализира што е можно поитно, македонскиот извоз ќе добие предвидливи услови на странските пазари. Македонската економија станува поатрактивна за странските инвеститори.

Но кога зборуваме за развојот, исто така, треба да зборуваме и за подготвувањето на генерациите што доаѓаат да бидат оспособени да се вклучат во трендовите на глобалната економија во која информационите технологии имаат доминантна улога. За таа цел денеска јавно го промовирам проектот “Визија за идината” со која ќе овозможиме секој завршен средношколец да биде компјутерски писмен. Веќе имам ветување од странска донација со која ќе се обезбедат компјутери за опремување на по најмалку една лабараторија во секое средно училиште. Ја повикувам Владата и сите заинтересирани институции и приватни претпријатија да ми се придружат и да го реализираме во пракса проектот “Визија за идднината”.

Овдека сакам да истакнам еден мошне актуелен момент во образовниот процес. Во постконфликтниот период прашањето на меѓусебна доверба опасно се надвисна над младата популација, за да во определен момент се претвори во реална закана по мирот и безбедноста во училиштата, на улиците и останатите места. Одредени проблеми произлегоа како рефлексија на нараснатите тензии, емоции или како сакате и фрустрации за нечија исклучивост или доминантност.

На овој план сакам да ја истакнам неопходноста од заедничка активност и одговорност на сите релевантни фактори и структури во изнаоѓање на конструктивни решенија за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.

Улогата на образованието ја гледам во неговата вредност и одговорност во градењето на заедницата на љубов, дијалог и меѓусебно почитување и разбирање. Образованието мора да придонесе во развивање на свест за градење на мултиетничко општество во кое секој млад човек ке има можност да оствари сопствен пат и развој прифакаји ги и почитувајки ги останатите со нивната различитост.

Во сите земји во транзицијата искуствата од процесите на трансформација покажаа на тоа дека покрај другите и здравствените реформи поминуваат тежок и

долг пат на реализација. Водејќи сметка на условите во кои се наоѓа нашето здравство, потребите на нашите здравствени организации, развитокот на науката и новата технологија треба да се продолжи со реформите во здравството и приватизацијата , неопходно е да се изгради добар здравствен систем, кој ќе овозможи квалититна здравствена заштита за сите граѓани.

Почитувани пратеници,

Прашањето на афирмацијата на Република Македонија пошироко во светски размери е обврска се разбира на Претседателот на државата. Собранието и неговиот претседател, премиерот и Владата со ресорните министерства, на секој граѓанин и се разбира ќе мораме уште повеќе да се заложиме на тој план. Во таа смисла треба да продолжат активностите за проширување на бројот на земјите се кои имаме воспоставени целосни дипломатски односи.

Тука сакам да нагласам дека во изминатате десет години регионалниот пристап од наша страна беше прифаќан со сериозни резерви и само формално поддржуван од политичките авторитети. Имам впечаток дека тие не ја разбраа до крај политичката филозофија на пораката што ни беше испраќана од Брисел за регионалната димензија на евроатланските интеграции со која бараа интезивирање на соработка во регионот. Тоа не само што не ги намалува нивните шанси за влез во ЕУ и НАТО, туку напротив, ги зголемува. Наместо тоа беше, за жал, форсиран нејасниот концепт за еквидистанца кој во својата суштина ја преферира резервираноста, а не соработката меѓу државите. Впрочем, искуството на првите земји од Балканот што добија покани за членство во НАТО и најавите за таков чекор во 2007 година во однос на Унијата јасно го покажуваат вистинскиот пат. Сакам да напоменам дека и моето обраќање до самитот на ЕУ во Копенхеган заедно со претседателите на земјите од Западниот Балкан, беше во контекст на регионалната соработка, а во тој дух ќе биде и следната регионална иницијатива за борба против организираниот криминал кој ги поткопува нашите општества.

Во финалната декларација на неодамна завршениот самит на НАТО во Прага беше потврден прогресот во Република Македонија и мошне брзото враќање на патот на реформите и севкупната демократизација на државата. Македонија треба да ги одработи планираните реформи и да ги достигне евроатланските стандарди не само заради формалното членство во НАТО, туку, пред се, заради нас самите и просперитетот на државата во која живееме во која мора да се почитуваат

европските и цивилизациски вредности.и верувања. На следниот самит на Алијансата ние мораме да добиеме дефинитивна и формална потврда дека местото ни е меѓу државите кои веруваат во исти идеи.

Во Прага добивме поддршка од Албанија и Хрватска за нашата иницијатива за поинтензивна регионална соработка во одбраната и безбедноста, во НАТО контекст, што очекувам да биде наскоро дополнително операционализирана од страна на соодветните министри и експерти на трите држави.

Во завршните докумети на историскиот Самит на ЕУ во Копенхаген добивме уверување дека благородната идеја за обединета Европа нема да може да се резлизира ако во неа не бидат вклучени сите земји од континентот. Проширувањето на ЕУ и НАТО несомнено ќе ја зајакнат демократијата, мирот и благосотојбата во Европа.

Процесот на Стабилизација и асоцијација претставува долгорочна заложба на Европската Унија за мир, стабилност и економски просперитет во регионот, со конечна цел: интеграција на регионот во Европските структури. Потполно сум свесен дека такво нешто не може да се случи преку ноќ.

Треба да се интензивираат активностите за имплементација на Договорот за стабилизација и асоцијација како и сите нови законски акти тереба да го имаат предвид приближувањето на националното законодавство кон законодавството на Европската Унија.

Сепак, голем број прашања се сеуште стојат пред нас, патот е долг, но длабоко сум убеден дека Република Македонија има капацитет и сили да одговори на предизвиците кои се поставуваат, а чие решавање води кон европското семејство. Пред се тука би ги споменал хармонизацијата на законите со оние на Унијата, институционалната надградба и реформа во судството и јавната администрација; економско зајакнување и др.

Во оваа прилика би сакал да ја повикам и ЕУ и таа од своја страна по заокрувањето на овој голем бран на проширувањето во 2004 да ги удвои напорите и да се фокусира кон овој регион како следна и веројатно последна цел во остварувањето на визијата за слободна и обединета Европа.

Досега Спогодбата за стабилизација и асоцијација е ратификувана од 8 држави, а имаме сознанија дека Франција и Португалија тоа ќе го сторат до крајот на оваа година или на самиот почеток од идната. Неопходно е да се интензивираат дипломатските активности за нејзина ратификација од преостантите 5 земји.

Во сегашните политички рамки за соработка е обезбедена само комуникација

на адмистрација со администрација, но не и онаа на општество со општество. Нашите граѓани тука особено мислам на помладите како идни европски гласачи би требало да бидат во можност непречено да комуницираат со Европа и така да ги почуствуваат нејзините благодети, но и одговностите кои ги носи новата европска конструкција. Затоа јас ги разбирам потребите на граѓаните за укинување на визниот режим , бидејќи не станува збор за визи и визен режим туку за визија каде е нивната иднина. Определен сум заедно со Владата да работам на уникување на визниот режим со земјите од Европа, и можам да истакнам дека во разговорите со моите колеги ја чуствувам нивната поддршка на ова наше барање.

Ја поздравувам иницијативата Самитот на земјите од регионот на Источна Европа и ЕУ во јуни месец во Солун. На овој настан гледам како на извонредна можност земјите од регионот и ЕУ да промовираат нови механизми за соработка кои ќе бидат фокусирани на реалната потреба на граѓаните на РМ во Р. Македонија и другите земји од регионот да не се почувствуваат изолирани од она што цивилизациски му припаѓаат на Европа.

Во развојот на билатералните односи, посебно место треба да дадеме на економската соработка. Зголемување на извозот на стоки и услуги, привлекување на директни странски инвестиции треба да биде еден од проиоритетите на нашата надворешна политика, а со тоа и на дипломатијата. Затоа барам од Министерството за надворешни работи и дипломатско-конзуларната мрежа на Република Македонија максимално да ги интензивира ваквите активности. На минатогодишниот Совет на амбасадори истакнав дека позитивна оценка за работата од мене ќе добијат оние амбасадори кои успеале да ја развијат економската соработка на Македонија во земјата во која службуваат, кои успеале да го зголемат извозот, кои им помогнале на македонските стопанственици да добијат работа, и се разбира кои ги анимирале странските компании да инвестираат во македонското стопанство. Ваковиот однос кон дипломатијата очекувам да го следи и Владата и Министерството за надворешни работи.

Заложбата за унапредување на односите и соработката со соседните земји е еден од приоритетите во надворешната политика на Република Македонија. И овдека економските односи треба да имаат посебно место. Постојат можности за интезивирање на економската соработка меѓу граничните региони или денеска мора да се осврнеме на промоција на она што е наречено еврорегиони, а е дел од европска идеја.

Седум години од потпишувањето на Времената спогодба со Република Грција е доволен временски период да се направи анализа на ефектите од нејзиното спроведување. Сакам да истакнам дека Спогодбата придонесе за приближување на двете земји, за унапредување и продлабочување на соработката. Односите со Република Грција, како земја членка на ЕУ и НАТО од Регионот, продолжуваат да бележат позитивна тенденција. Паралелно со добрата политичка соработка, развиваме интензивна соработка на економски план. Токму во рамките на позитивните процеси сметам дека е време Спогодбата за стабилизација и асоцијација да биде ратификувана од Република Грција со што таа ќе даде силен импулс за наше побрзо интегрирање во Европската Унија.

Во однос на разговорите за разликите околу нашето уставно име сметам дека е потребно да се внесе нова динамика во преговорите во согласност со барањата на Резолуцијата на ООН и посредувањето на специјалниот пратеник на Генералниот секретар. Околу ова прашање со Владата ќе ги дефинираме елементите на платформата за преговорите. Притоа сакам да истакнам дека задржувањето на уставното име во меѓународните односи ќе биде основата во градењето на позицијата.

На средбата со албанскиот претседател Мојсиу пред неколку недели во Охрид се договоривме за бројни активности за надминување на застојот во билатералните односи и соработка. Премиерите на двете земји имаа средба минатата недела. Во рамките на реализацијата на заедничките стратешки определби за интеграција во Европската и евроатланските структури ангажирани сме во реализација на една заедничка трилатерална активност со Република Хрватска во Пост-прашкиот период. Воедно, заедно со останатите земји во процесот на стабилизација и асоцијација испративме заедничко писмо до Самитот во Копенхаген со барање за појасна европска перспектива за нашите земји. Македонските граѓани со албанско потекло и албанските граѓани со македонско потекло претставуваат предност и богатство на нашите две земји.

Односите со Република Бугарија ги карактеризира континуиран политички дијалог и конструктивна соработка на билатерално, регионално и мултилатерално ниво. Во наредниот период останува приоритет да биде даден на економската соработка. Од посебен интерес во односите со Бугарија и Албанија е инфраструктурното поврзување по правец на Коридорот 8.

Во односите и соработката со СР Југославија надминати се остварените прашања и соработката се карактеризира со меѓусебна доверба и разбирање.

Со Република Турција исто така членка на НАТО во подолг временски период имаме традицијално добри и пријателски односи. Оваа година остварив официјална посета, и беше организиран економски форум во Истамбул со цел да се зајакне економската соработка меѓу нашите две држави.

На крајот би сакал да се осврнам на медиумите во Република Македонија. Без нивна слобода, но и нивна одговорност тешко е да се замисли неопходниот демократски проргрес на земјата. Македонија има развиено медиумско производство. Сепак, не може да се каже дека сите граѓани имаат пристап кон навремени, точни и непристрасни информации. Поради тоа и во оваа прилика би сакал да ги повикам надлежните државни органи да ги преземат сите мерки кои на јавниот сервис ќе му овозможат навистина да е јавен и во служба на граѓаните, а на приватните медиуми да им го гарантира потребиот амбиент за работа основана на принципите и вредостите на пазарната економија. Напорите кои се прават за да се издигнат стандардите на новинарството се достојни за почит.

Во јавниот сектор, имаме единствена можност во моментов да ја трансформираме Македонската радио телевизија во јавна информативна куќа како вистински јавен сервис на сите граѓани. За оваа цел, сепак треба да се преземат реформски чекори. Најпрво мора да се донесе закон со кој ќе се формира управувачко тело за МРТ кое ќе служи како брана меѓу МРТ и власта. Во оваа насока би сакал да го поздравам работниот текст за професионалните етички принципи на МРТВ како добра основа за градење на  јавен сервис.

Во приватниот сектор, во изминатата деценија, бевме сведоци на појавување на голем број медиуми и се создаде силна конкурентност. Одредени интереси се премногу присутни и видливи во некои приватни медиуми и често се посилни од професионалното известување. Ја поздравувам определбата на Македонското здружение на новинарите да воспостави етички кодекс на новинарите и тој да се почитува.

Исто така би сакал да укажам на потребата да изградиме демократски амбиент во кој ке биде заштитетн личниот и професионалниот интегритет на новинарите.

Ги повикувам сите граѓани на Македонија да дадат предимство на информациите кои се вистинити, квалитети и навремени. Потсетувам дека најдобриот регулативен механизам е пазарот и затоа ќе напредуваат само медиумите кои ќе емитуваат вакви информации прифатени и почитувани од граѓаните.

На крајот од моето обраќање би сакал да ги истакнам моите очекувања, а се разбира тоа претставува основни проиритети на граѓаните, а и на Владата на Република Македонија за 2003 година, а тоа е:

- целосна стабилизација на безбедносната состојба, враќање на владеењето на правото на целата територија на Република Македонија и целосна реинтеграција на поранешните кризни подрачја
- Второ, имплементација на одредбите од Рамковниот договор, она што претставува обврска
- Трето, економски развој и просперитет, зголемување на животниот стандард на населението и намалување на сиромаштијата
- Четврто, натамошно приближување кон ЕУ и НАТО, и создавање на јасни перспективи за членство на Република Македонија во овие интеграции
-Се разбира последно борба против организираниот криминал и корупцијата.

Ви благодарам за вниманието.

(Говорот на Претседателот беше поздравен со аплауз).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Трајковски за неговото обраќање.

Со тоа ја заклучувам Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам за присуството.

(Седницата заврши во 13,00 часот).